Опис на предметите

# СТУДИИ НА КУЛТУРАТА

*(Едногодишни)*

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ТЕОРИСКИ ПРЕДМЕТИ

### ВОВЕД ВО СТУДИИ НА КУЛТУРАТА И КРЕАТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ

***Проф. д-р Катерина Колозова***

Предметната програма обезбедува вовед во областа на Студиите на културата и креативните индустрии. Преку предавања, дискусии и пишување семинарски трудови, ќе се истражуваат централните текстови поврзани со кохерентен сет на теории и методологии во Студиите на културата, преку кои ќе се анализира самата култура и како социјалните, политичките, економските и естетските контексти се вградени и влијаат на различните одредби на поимот ‘култура’. Во оваа насока, ќе се проследи како културните производи како што се рекламите, телевизијата, пропагандата, уметничките дела, литературата и архитектура се произведуваат и консумираат. Културните индустрии се област која С. Македонија се труди да ја развие со децении и да фати приклучок со остатокот на Европа, особено во ова време на дигитални музеи, дигитални театри, графика и дизајни за видеоигри како уметнички израз и културна индустрија. Културните индустрии овозможуваат и микропретприемништво и екеономска самостојност и самоодржливост на авторите, па затоа и економијата ќе биде дел од овој интердисциплинарен комплес на знаења.

### ВИЗУЕЛНА КУЛТУРА: ТЕОРИИ НА 20-ОТ И 21-ОТ ВЕК

***Доц.д-р Тихомир Топузовски***

Програмата проследува низа теоретски перспективи кои ја адресираат уметноста (во сите свои форми на израз: перформативна, книжевна и т.н.) и визуелната култура (вклучително и современите дигитални форми) во текот на 20-от и почетокот на 21-от век. Комбинирајќи повеќе теоретски пристапи, значајни за уметноста и визуелната култура, хуманистичките и општествените науки, овој предмет ги вклучува концептуалните и креативните начини преку кои уметноста е поврзана со критичката теорија, институционалната теорија, егзистенцијализмот, марксизмот, структурализмот, постструктурализмот, постколонијализмот, теоријата на родовите, феминизмот и др.

### ФИЛОЗОФИЈА НА УМЕТНОСТА И ГЛОБАЛНАТА СЦЕНА НА 21 ВЕК

***Доц.д-р Тихомир Топузовски***

Предметот ќе се сосредоточи  на философските прашања и пристапи кои се однесуваат на уметноста во глобален контекст. Ќе се проучуваат клучните филозофски учења кои ја концептуализираат уметноста како имитација, репрезентација, експресија, партиципативност, јазичка игра, или одредба на институционалните и политичките режими. Ќе се проследат прашањата за важноста на уметноста, за нејзините когнитивни или етички особини, образовни функции и политички имплилкации преку делата на  Платон, Аристотел, Кант, Колингвуд, Витгенштајн, Данто, Рансиер, итн. Во продолжение, ќе се прикажуваат уметнички дела, кои ќе бидат дискутирани  во насока на нивната релевантност за филозофијата на уметноста и за актуелната општествена динамика.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ МЕТОДОЛОШКИ ПРЕДМЕТИ

### ЕПИСТЕМОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ И ПРИМЕНЕТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

***Проф. д-р Катерина Колозова***

Изборот на истражувачките алатки и општиот методолошки приод во секое истражување зависи од изборот на епистемолошката рамка на истражувачот. Припадноста на определена теориска школа претпоставува доследно придржување на епистемолошката рамка на која ја заговара школата на која истражувачот ѝ припаѓа и, со тоа, примена на методологија која произлегува од епистемолошкиот избор. Во овој предмет ќе ги изучуваме епистемолошките правци релевантни за општествената теорија и наука од почетокот на 20-тиот век па наваму: позитивизмот, структурализмот, постструктурализмот, конструктивизмот и деконструкцијата, постколонијалната критика како епистемолошки приод и феминистичките епистемологии од 90-тите наваму. Но исто така, ќе се изучуваат и предмодерните епистемолошки модели, од дијахрониска перспектива. Ќе се загатнат темите на „објективно“ знаење наспроти знаењето создавано од истражувачки субјект кој ја подразбира личната вложеност (својствен на постструктурализмот) и настојува да ја осветли, емпирицизмот наспроти критичката теорија, универзализам и есенцијализам наспроти контекстуализација на знаењето, дискурс и субјект, итн. Клучни авторитети чии идеи ќе бидат изучувани се: основачите на позитивизмот (Конт, Диркем), структурализмот Леви Строс и Сосир, Лакан и други претставници на структурализмот (како Витгеншајн), Кун, Попер како и Фуко и другите основоположници на постстурктурализмот (доминантната интерпретациска парадигма денес), особено во критичката теорија и интердисциплинарните студии. Ќе се сопостави аналитичката школа на мислата наспроти контиентнталната трацициja, односно философија како епистемолошка подлога (на пример аналитичка правна теорија наспроти реалистичка - Лајтнер - или натуралистичка/природно право, ја покажуваат улогата на разните теориски традиции). Ќе навчелеземе и во теориите/епистемологии на кризата на постструктурализмот на 21 век и правците како спекулативен реализам, нови онтологии на дигиталниот простор (Марк Фишер, акселерационизам), културна теорија на технологијата и нови реализими и теории на науката.

## ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ

***Проф. д-р Магдолна Колар Панова / Проф. д-р Ана Блажева / Проф. д-р Викторија Боровска***

Прв дел: Истражувањето и прибирањето информации е наставен предмет во рамките на кој студент(к)ите ќе се стекнат со основни знаења за методите на истражување што се применуваат во општествените науки. Предвидените наставни содржини ќе ги воведат студент(к)ите во: теоретската и епистемиолошката рамка на истражувачкиот процес; разликите меѓу квантитативната и квалитативната истражувачка стратегија; особеностите на главните квантитативни и квалитативни методи; основните принципи, правила и процедури на истражувачкиот процес; формулирањето на истражувачкиот проблем и изработката на нацртот (скицата) на истражувањето; истражувачките техники за собирање податоци, анализата и обработката на податоците, интерпретацијата на податоците и пишувањето истражувачки извештај, презентацијата на истражувачките податоци, како и меѓународните стандарди и кодекси за спроведување на истражувањата и др.

Втор дел: Академското пишување е дел од академската и интелектуалната подготвка на студент(к)ите на постдипломските студии, со цел да ги воведе во вештините на изготвување на академски текстови – од студентски есеи и семинарски трудови, до истражувачки извештаи и до самостојни научни трудови како што се магистерски тези и докторски дисертации. Академското пишување се разликува од останатите форми на пишување поради својата структуираност, организација и употреба на строго утврдените норми, правила и конвенции, како за пишување на авторски текстови, така и за употреба и цитирање на туѓи текстови. Заради својата специфика развивана низ векови, академското пишување е потребно да се научи, имајќи предвид дека академското пишување го карактеризира фактот дека секогаш се пишува со познавање на целната публика.

## ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ

## ДИГИТАЛНА КУЛТУРА ВО ЕВРОПА

***Доц.д-р Тихомир Топузовски***

Развојот на дигиталната сфера, комуникациските технологии и протокот на информации резултираа со целосни промени во културните, економските и политичките динамики. Предметот Дигитална култура во Европа се сосредоточува на разбирање на овие промени и на нивното влијание на идентитетите, општествените односи, политичките вредности, односно како тие опстојуваат во време на твитови, блогови и зголемен број на лажни вести? Исто така кое е значењето на постојаната достапност и постојаниот надзор преку социјалните мрежи?

Во пристапот кон овие прашања предметот вклучува теоретски пристапи кои го проследуваат и концептуализраат развојот на дигиталните медиуми и технологијата, како што се критичката теорија, континенталната филозофија, постхуманизмот, софтверските студии и студиите на културата. Во анализирањето на дигиталната култура предметот ќе вклучи различни примери како анимации, фотографии, кратки видео објави, промотивни записи, апликации кои заедно го конституираат она кое може да го наречеме дигитален пејзаж.

## ОСНОВИ НА КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ

***Доц.д-р Тихомир Топузовски***

Целта на предметната програма е да го проследи практикувањето на културните политики реализирани преку креативните индустрии, глобализацијата, културните релации, практикувањето на дипломатијата преку сферата на културата, комуникациските стратегии и маркетингот во уметноста. Во оваа насока, ќе се дискутираат и анализираат темите како што се мобилноста на културните практики, културните идентитети, меѓукултурниот дијалог, пропагандата, политичката моќ и хегемонијата, како и медиумското влијанието и обликувањето на перцепцијата.

## ИНТЕРКУЛТУРНИ ОДНОСИ И ПОЛИТИКИ

***Проф. д-р Ирена Цветковиќ***

Овој предмет има за цел интердисциплинарно претставување и запознавање со критичката теорија, родот и сексуалноста од аспект на јавните политики. Фокусот е ставен врз критичко испитување и проширување на традиционалните дефиниции и граници на културата, родот и сексуалноста преку интерес за состојбите на нееднаквост и маргинализација. Во процесот на градење и дисеминација на знаењата ќе се задржиме на современите теоретски аргументи и емпириски податоци во однос на прашањата на: феноменот на стаклен покрив, репродуктивните права, политичката репрезентација, сексуалноста и здравствените права, политиките на еднаквост и социјална инклузија, родово базирано насилство, хомфобично и трансфобично насилство итн. Овие теми ќе ги разгледаме низ партиципативно изнаоѓање на одговори на прашањата како социјалните релации и дистрибуцијата на моќта и ресурсите ги афектира политичките процеси, и обратно, како политиките ги обликуваат социјалните релации.

## КЛИМАТСКА КРИЗА И ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ

***Проф. д-р Здравко Савески***

Предметот ќе понуди основа за разбирањето на општествените импликации од климатските промени, опфаќајќи ги ризиците што климатските промени ги носат по луѓето и нивните заедници, општествените и економските фактори што ги предизвикуваат климатските промени, општествените, економските, политичките и психолошките фактори што ги спречуваат сериозните напори за справување со климатските промени, како и општествените импликации од преземањето мерки за справување со климатските промени. Преку изучувањето на основите на односот меѓу човечкото општество и природата, студентите ќе се оспособат да применуваат постудиозен и поаналитичен пристап при проучувањето на дебатите и мерките поврзани со климатските промени.

## КОМУНИКАЦИИ, МЕДИУМИ И КУЛТУРА

***Проф. д-р Магдолна Колар Панова***

Овој предмет ќе го разгледа брзо менувачкиот медиумски пејзаж, со акцент на новите медиуми и новите медиумски платформи и со преиспитување на тоа како тие трансформации предизвикани од дигиталната ера влијаат на традиционалните медиумски модели и го менуваат однесувањето на главните медиуми. Исто така, ќе се испита како се променил општествениот, политичкиот и културниот пејзаж во однос на дигиталните медиуми и информатичките технологии. Покрај тоа, овој интердисциплинарен предмет ги истражува културните и медиумските продукции, практики и институции во национални, транснационални и глобални контексти и низ повеќе предметни области. Медиумската култура сега е доминантна форма на култура која нè социјализира и како таква обезбедува и игра големи улоги во економијата, политиката и општествениот и културниот живот. Така, предметот развива повеќедимензионален пристап кон културните студии што го проширува полето и го отвора за различни дисциплини. Со сместување на делата на медиумската култура во нивниот социјален и политички контекст, во рамките на политичките борби, и системот на културна продукција, како и рецепцијата, курсот ја осветлува современата култура и општеството и ги испитува културните форми создадени и дистрибуирани од медиумските индустрии.

## ВОВЕД ВО ФЕМИНИЗАМ

***Проф. д-р Викторија Боровска***

Предметот има за цел да ги претстави најсуштествените теории на феминизмот и феминистичкото движење. Од Олимпија де Гуж, и Мери Вилстонкрафт до Џон Стјуард Мил, Роза Луксембург и Вирџинија Вулф. Ќе се апсолвираат трите брана на феминистичкото движење и нивното значење. Ќе се образложи што е што е контекст, што е род и ќе се активираат прашањата за конструкцијата на идентитетот низ неколку есенцијални феминистички теории (С. де Бовоар, Ј.Крстева, Л.Иригаре,  Батлер, Д.Харавеј).

## ТЕОРИИ НА СУБЈЕКТИВИТЕТ ВО ЕРА НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА: ХУМАНИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

***Проф. д-р Катерина Колозова***

Прашањето што е тоа „јас“ (субјективитет и идентитет) е исклучително важно во ерата на вештачката интелигенција: постои ли не-човечко, тешхолошко „јас“ и како го знаеме тоа? Оттука и се хуманистиката денес во основа се занимава со прашањата на постхуманизмот, и како да се мисли човечкото во ера, но и субјективитетот отаде човечкото - значи „пост-човечкиот“ субјективитет. Технолошкиот развој наметнува прашања кои, по пат на споменатото хуманистичко промислување (за субјективитетот, јас, идентитетот и авторефлексијата) отвораат етички прашања: дали роботите, дали технолошките „субјективитети“ треба да се третираат како предмет на категоријата човекови права, и дали со тоа поимот на човекови права се шири. Овие прашања се поставуваат вообичаено, како во општествената теорија и когнитивните науки, така и во општествените промислувања на технологијата, односно во тесната интердисциплинарно интегративна врска меѓу хуманистиката, општествените науки и STEM науките, односно технолошките изучувања. Голем број компании за технолошки развој ги вклучуваат филозофите, уметництие, културните теоретичари во промислувањата на тоа што е „јас“ во оваа ера на AI - а тематиката се сведува на промислувањата на субјективитетот, и секако најновите теории на постхуманизмот, ахуманизмот, нон-хуманизмот, или хуманизмот прилагоден за оваа ера. Ќе ги проучуваме делата на Рози Браидоти, Катрин Хејлс, Кери Волф, Ирис ван дер Туин, ксенофеминистките и други.

## СТРАТЕГИИ ЗА ЕДНАКВОСТ И КУЛТУРАТА КАКО ДЕЛ ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

***Проф. д-р Ирена Цветковиќ***

Овој предмет има за цел длабински да ги испита концептите на еднаквост, диверзитет и инклузија во граѓанското општество, со фокус на културата како уметност, но и другите форми на култура. Студент(к)ите ќе имаат можност да ги истражуваат историските и културните контексти кои ги обликуваат современите пристапи кон социјалната правда, да ги анализираат стратегиите што ги користат граѓанските организации за промовирање на еднаквоста и рамноправноста и да ја испитаат улогата на културата во обликувањето на овие пристапи.

Предметот има за цел обезбедување на  критички мисловен апарат за проценка на улогата на граѓанското општество во обликувањето на културните норми и вредности, но и како тие норми и вредности може да се искористат за промовирање на еднаквоста. Дополнително, предметот нуди можност за истражување на начините на кои културните форми како што се уметноста, литературата, музиката и медиумите можат да ги рефлектираат и предизвикаат

доминантните културни норми и вредности и да ги истражат стратегиите што ги користат граѓанските организации за промовирање на културната разновидност и инклузивност.

Предметот, исто така, ќе ја испита интерсекционалноста на различните форми на нееднаквост, вклучувајќи род, раса, етничка припадност, сексуална ориентација и кадарност, и како тие се вкрстуваат со доминантните културни норми и вредности. Низ комбинација од предавања, групни дискусии, работа на студии на случај и практични вежби, студентите ќе развијат сеопфатно разбирање на клучните прашања и предизвици со кои се соочува граѓанското општество во промовирањето на еднаквоста и негувањето на културата на инклузија.

Студентите низ предметот ќе научат како да развијат и имплементираат ефективни стратегии за промовирање на еднаквоста и различноста во граѓанските организации и пошироко, вклучително и стратегии кои ја користат културата како алатка за промовирање на еднаквоста. Генерално, овој предмет цели да обезбеди знаења, вештини и критичко размислување неопходни за вклучување во значаен дијалог и акција околу прашањата за социјалната правда и нееднаквоста во граѓанското општество, вклучително и улогата на културата во овие процеси.

## ЕМОЦИИ И ПОЛИТИКА: УЛОГАТА НА КУЛТУРАТА

***Проф. д-р Ана Блажева***

Предметот охрабрува истражување за поврзаноста на емоциите и политиката поттикнувајќи интердисциплинарен пристап кој овозможува оформување на лична позиција во однос на афективноста и политичката стварност. Во таа насока и посочената литература вклучува различни којдовни точки на анализирање на емоциите во доменот на политичкото кои може да ги поттикнат студентите да истражуваат различни аспекти, концепти, теориски и научни позиции поврзани со емоциите и политиката. Целта е да се вклучи знаењето за емоциите како еден од централните аспекти на човечкото искуство во размислувањата и истражувањата за политиката и политичкото.

Литературата понудена за читање овозможува запознавање со различни пристапи на различни дисциплини кон емоциите: социјална психологија, антропологија, феминистичка теорија, психоанализа, социологија. Потоа овозможува различен теориски пристап кон поединечни емоции и широк спектар на анализи на поврзаноста на емоциите со значајни општествени и политички феномени и динамика. Изборот на литература е воден од намерата на студент(к)ите да им се овозможи избор, можност и поттик за самостојно истражување на емоционалноста во контекст на општествената и политичката стварност.

## ТЕОРИСКА ПСИХОАНАЛИЗА И ОПШТЕСТВЕНА КРИТИКА

***Проф. д-р Ана Блажева***

Теориската психоанализа, особено нејзината Лакановска традиција зазема значајно место во современата родова теорија на идентитетот и субјективитетот. Значајни феминистички критички усвојувања на Лакановската психоанализа – кои вклучуваат и субверзија на цели концептуални рамки – ја збогатуваат феминистичката филозофија и теории на субјективитет, во смисла на суплементирање на нејзината културолошко-политичка критика. Од друга страна, значајни концепти и нивните придружни теориски елаборации кои доаѓаат од самите Фројд и Лакан (на пример, теоријата за зависта за пенисот, метафората на фалусот или позицијата на симболното кај Лакан) претставуваат предмет на темелна критика која коренито ја дестабилизира и доведува во прашање нивната теориска оперативност.

## ОСНОВИ НА ДИГИТАЛНА ДЕМОКРАТИЈА И КУЛТУРА

***Проф. д-р Калина Лечевска***

Предметот ќе овозможи да се разбере поимот дигитална демократија, а потоа и влијанието на дигитализацијата врз културата. Ќе се изучуваат општествените и културните процеси што се одвиваат во дигиталниот простор и нивното влијание врз секојдневието. Преку изучување на овој предмет ќе може да се анализира состојбата на дигитализација во културата во земјава. При тоа, студент(к)ите ќе може да понудат идеи за политики преку кои ќе послужат како решенија за актуелни проблеми во секторот на култура. Со тоа ќе се овозможи практична примена на добиените теоретски сознанија.

## ОСНОВИ НА СТУДИИ НА РАЗВОЈ И РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

***Проф. д-р Ристо Карајков***

Во рамките на изучување на наставниот предмет, ќе се потенцира важноста на тоа како факторите се однесуваат едни на други во било која ситуација на развој. Со користење на реални, практични примери, ќе се покаже како развојот секогаш се менува и ќе се укаже на стратегиите кои треба да се применат, прилагодат и променат со појавувањето на нови проблеми. За таа цел, ќе се користат локални настани, весници, национални и меѓународни вести, како и наставни материјали објавени во други земји за да се илустрира тековниот развој на проблемите и како сето тоа влијае врз сопствениот живот. При тоа, ќе се нагласи дека нашите сознанија се привремени и студент(к)ите ќе се охрабрат да бараат нови или алтернативни решенија, наместо да бараат еден конечен „вистински одговор“.

## РОДОВИ ПОЛИТИКИ И КУЛТУРА

***Проф. д-р Ана Блажева***

Програмата за овој предмет овозможува поврзување на теоријата, феминистичките заложби, активизмот и праксата со политиките за трансформирање на стварноста и создавање

општества засновани на родова еднаквост. Предметот овозможува истражување на применетите аспекти на родовите теории, запознавање и анализа на процесите на креирање и спроведување на родовите политики. Во изучувањето се вклучени клучните концепти и методи кои се користат при креирањето родови политики и остварување на стремежот за постигнување родова еднаквост: вклучување на родот во општествените текови (gender mainstreaming), интерсекционалност, родово буџетирање, мерки за постигнување родова еднаквост (квоти, афирмативни мерки и сл.), застапување на родова еднаквост (активизам и алатки за застапување).

Предметот прави пресек за тоа како феминистичките заложби и активизам и феминистичката теорија и критика се одразуваат и/или преточуваат во политики кои имаат за цел овозможување на услови за создавање родова еднаквост во општествата. Поаѓајќи од критиката и борбата против системската дискриминација и потчинување, преку инсистирање за еднаква вклученост на жените во процесите на носење одлуки, и исправање на нееднаквоста пред законот, потоа преку предизвикување на концептите за полот/родот и анализата на патријархалниот поредок, отворањето на прашањата за (не)платената домашна работа, прашањата за репродуктивното здравје, семејното и родово-базираното насилство, борбата за еднакви можности во образованието и кариерата, вклучувањето на интерсекционалноста, инсистирањето на еднаков третман и вреднување на трудот, феминистичките заложби ги трансформирале општествата и се уште стојат пред предизвикот за понатамошна борба и придонес кон општества засновани на еднаквост, разбирање и грижа.

Во предметот ќе се опфатат главните тенденции и рамки за политики кои имаат за цел воспоставување родова еднаквост, но исто така ќе се укаже на постоењето на алтернативни примери за надминување на системската нееднаквост.

## КУЛТУРА НА АНТРОПОЦЕНАТА

***Доц.д-р Тихомир Топузовски***

Предметот ги адресира современите дебати за културата и климатските промени, како еколошките предизвици генерираат ургентни состојби преку екстремните временски услови, губење на биодиверзитетот, девастираната животна средина, неконтролираните траектории на експлатација на основните ресурси како водата и воздухот, глобалниот раст и несаканите миграции. Овие состојби го подразбираат човековото влијание врз Земјата како енормно, со што започнува нова геолошка ера - антропоценот, научен термин за прв пат употребен од Пол Круцен, кој претставува поинаква траекторија на земјиниот систем.

Оттаму, овој предмет ќе генерира можност за критичко истражување на културата и статусот на структурите на моќта, материјалната средина и концептот на природата, човековите и други

телесности и социо-економските поставености. Рефлектирајќи различни пристапи, предметот ќе проследи современи политички теоретичари кои пишувале за уметноста, ќе анализира автори од постхуманистичката филозофија и новиот материјализам во врска со релациите на културат и животната средина, екологијата и климатските промени. Со оглед на интердисциплинарноста, курсот ќе вклучи теоретски и практични дебати фокусирани на широк опсег на современи културни дела, филмови, изложби, објави на социјални мрежи, како и уметнички интервенции во јавен простор.